Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на Архитектонско урбанистичкиот проект за АУП за промена на границите на ГП 3.23(КП 8327/3 и 8327/5) и ГП 3.24 (8329/2) КО Ѓорче Петров 6, Општина Ѓорче Петров, Скопје, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

## Јавна презентација и Јавна анкета

Површината на проектниот опфат е идентичен со површината на АУП за промена на границите на ГП 3.23(КП 8327/3 и 8327/5) и ГП 3.24 (8329/2) КО Ѓорче Петров 6, Општина Ѓорче Петров, Скопје.

- Јавната анкета ќе трае 5 (пет) работни дена од 10.08.2017год. до 17.08.2017год., согласно објавата во Соопштението .
- Архитектонско урбанистичкиот проект ќе биде изложен во просториите на Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој во период од 5 работни дена секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила "Нова Македонија" и „Вечер", на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk и во информацискиот систем е -урбанизам.
- Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от, ќе се одржи на 14.08.2017год. (понеделник) во $13^{00}$ часот во просториите на Општина Ѓорче Петров во Одделение за планирање и уредување на просторот.
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на Општина Ѓорче Петров - Одделение за планирање и уредување на просторот.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и во писмена форма.

**Број 09-2042/3**
**04.08.2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ